РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 11-57
14.02 2014 година
Скопје

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 13, член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14) и Извештајот бр.11-899/1 од 10.02.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр. 02-948/3 од 13.02.2014 година, поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, на 08-та седница, одржана на 13.02.2014 година, донесе:

## Решение
## за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси

1. ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, на ден 07.02.2014 година, при реемитување на програмски сервиси во својот дигитален програмски пакет, направил повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14).

2. Повредата од точка 1 на ова решение, е сторена на ден 07.02.2014 година, во 13,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор, направен согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, врз реемитуваните програмски сервиси во дигиталниот пакет, е констатирано дека Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште во Битола, ги реемитува следниве телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: FREE XTV, French Lover, MBC 4, MBC 3, MBC 2, MBC Max, MBC Action, Desire X, K3, OBN, BN Sat, BN Music, Hayat, VOX, Super RTL, RTL 2, RTL, N-TV, VH-1, MTV Adria, Universal channel, Fox Movies, 24 Kitchen, FOX, National Geographic, Fox Life, Fox Crime, Viasat History, TV1000, Viasat Explorer, TLC, Kopernikus, Svet Plus, Duga TV, OTV Valentino, Discovery World, Discovery Science, Discovery ID, Discovery channel, Animal Planet, SK2, SK1, SK3, Ultra, Fishing & Hunting, Cinemania, Mini Ultra, IQS Life, ТВ Боем, ТВ Ускана, Russia Today, Russia Documentary, ТВ Визија, Алсат М, Алфа, Телма, Канал 5, Сител, Собраниски канал, МРТ 2, МРТ 1 и два сопствени канали од кои на едниот се реемитуваат/емитуваат музички содржини, а додека на другиот канал се реемитуваат/емитуваат филмски содржини.

3. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси: FREE XTV, French Lover, MBC 4, MBC 3, MBC 2, MBC Max, MBC Action, Desire X, K3, OBN, BN Sat, BN Music, Hayat, VOX, Super RTL, RTL 2, RTL, N-TV, VH-1, MTV Adria, Universal channel, Fox Movies, 24 Kitchen, FOX, National Geographic, Fox Life, Fox Crime, Viasat History, TV1000, Viasat Explorer, TLC, Kopernikus, Svet Plus, Duga TV, OTV Valentino, Discovery World, Discovery Science, Discovery ID, Discovery channel, Animal Planet, SK2, SK1, SK3, Ultra, Fishing & Hunting, Cinemania, Mini Ultra, IQS Life, ТВ Боем, ТВ Ускана, Russia Today, Russia Documentary, ТВ Визија, Алсат М, Алфа, Телма, Канал 5, Сител, Собраниски канал, МРТ 2, МРТ 1 и двата сопствени канали од кои на едниот се реемитуваат/емитуваат музички содржини, а додека на другиот канал се реемитуваат/емитуваат филмски содржини..

4. По истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, постапило по налогот односно дали престанало со реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

5. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 07.02.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во дигиталниот програмски пакет на операторот БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, при што констатираше дека направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14), на начин што Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола реемитувало странски и домашни телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата е сторена на ден 07.02.2014 година, во 13,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во дигиталниот програмски пакет е констатирано дека Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште во Битола, ги реемитува следниве телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: FREE XTV, French Lover, MBC 4, MBC 3, MBC 2, MBC Max, MBC Action, Desire X, K3, OBN, BN Sat, BN Music, Hayat, VOX, Super RTL, RTL 2, RTL, N-TV, VH-1, MTV Adria, Universal channel, Fox Movies, 24 Kitchen, FOX, National Geographic, Fox Life, Fox Crime, Viasat History, TV1000, Viasat Explorer, TLC, Kopernikus, Svet Plus, Duga TV, OTV Valentino, Discovery World, Discovery Science, Discovery ID, Discovery channel, Animal Planet, SK2, SK1, SK3, Ultra, Fishing & Hunting, Cinemania, Mini Ultra, IQS Life, ТВ Боем, ТВ Ускана, Russia Today, Russia Documentary, ТВ Визија, Алсат М, Алфа, Телма, Канал 5, Сител, Собраниски канал, МРТ 2, МРТ 1 и два сопствени канали од кои на едниот биле реемитувани/емитувани музички содржини, а додека на другиот канал биле реемитувани/емитувани филмски содржини.

Следствено на тоа, а врз основа на член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр.11-899/1 од 10.02.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр. 02-948/3 од 13.02.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 и 2 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 08-та седница одржана на ден 13.02.2014 година, донесе Решение со кое на споменатиот оператор му наложи исклучување на реемитувањето на нерегистрираните телевизиски програмски сервиси, наведени во изреката на ова решение.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО Битола, постапило по налогот и престанало со реемитување на програмски сервиси во својот дигитален програмски пакет кои не се регистрирани во Агенцијата.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО БИТОЛА;
- Управителот на Друштво за производство, трговија и услуги БТВ-НЕТ увоз-извоз ДОО БИТОЛА;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.